# Дневна хемеротека за *25.12.2015г.*

## МИА - *„Југохром“ ќе ги изгаси печките поради загадувањето*

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија | „Југохром“ ќе ги исклучи печките поради загадувањето

### „Југохром“ ќе ги исклучи печките поради загадувањето

Препорачај 0

четврток, 24 декември 2015 13:14



**Скопје, 24 декември 2015 (МИА)** - „Југохром Фероалојс“ од Јегуновце на 31 овој месец ќе ги исклучи двете печки што се во функција и нема да работи до крајот на февраури следната година, соопшти денеска управата на „Југохром Фероалојс“ од Јегуновце.

Според најавите, Југохром нема да работи до крајот на февруари следната година, период кога временските услови најмногу влијаат на загадувањето, стои во соопштнието.

Од управата на Југохром велат дека одлуката била донесена доброволно и оти имале слух за состојбата со загадувањето на воздухот во Тетово иако тие остануваат на ставот дека нивната фабрика не е единствениот, а уште помалку најголемиот загадувач во регионот.

Управата на Југохром информира дека паралено со прекинот на работата ќе продолжат со сите планирани и веќе договорени активности за целосна примена на сите еколошки стандарди согласно законските прописи односно воведување на системот за отпрашување во планираниот рок.ас/лв/**13:04**

## Утрински - „Југохром“ ги гаси печките

Утрински весник

### „ЈУГОХРОМ“ ГИ ГАСИ ПЕЧКИТЕ



**Комбинатот донесе одлука да го прекине производството до крајот на февруари**

Тетово - „Југохром фероалојс“ ги изгаси своите печки и нема да работи до крајот на февруари. Менаџментот на комбинатот од Јегуновце донесе одлука последниот ден од годинава да прекине процесот на работа.

Директорот на „Југохром“, Васко Скендеровски, вчера информираше дека целта на одлуката е да создаде можност да се уочат вистинските причини за високото загадување на воздухот во Тетово. Скендеровски вели дека во изминатиот период прстот на јавноста постојано бил вперен во „Југохром“, иако, според него, причинителите на енормните концентрации на канцерогени честички во воздухот во градот се многу покомплексни.

„Имајќи слух за моменталната ситуација со загадувањето на Тетово, иако менаџментот на фабриката е на ставот дека 'Југохром фероалојс' не е единствениот, а уште помалку најголемиот загадувач во регионот, донесе одлука за доброволно гаснење на двете печки кои се во функција, односно за целосно затворање на производствениот капацитет“, се вели во соопштението од комбинатот.

Прекинувањето на производството ќе трае до крајот на февруари идната година, односно во периодот кога загадувањето на воздухот е најголемо. Во меѓувреме 'Југохром фероалојс' ќе продолжи со сите планирани и веќе договорени активности за целосна имплементација на еколошките стандарди, односно со инсталирање на системот за отпрашување во планираниот рок", велат во комбинатот.

„Југохром" досега требаше да добие интегрирана еколошка дозвола, но не го испочитува законскиот рок во април минатата година. Владата во октомври лани одобри дополнителен рок од две години за спроведување на инвестициите, под услов првите шест месеци работите да бидат видливи на терен. Инспекторатот за животна средина пред два месеца изврши увид и констатира дека компанијата почнала постапка околу одобрението и проектот за изградба, но дека на терен нема градежни зафати. (Г.Е.-С.Н.)

## Дневник - *За да се намали загадувањето, „Југохром“ нема да работи до февруари*

### ЗА ДА СЕ НАМАЛИ ЗАГАДУВАЊЕТО, „ЈУГОХРОМ“ НЕМА ДА РАБОТИ ДО ФЕВРУАРИ

Големиот комбинат „Југохром“ од Јегуновце привремено ќе престане да работи. Раководниот тим донел одлука поради загадувањето на тетовскиот регион, овој капацитет да престане да работи од Нова година до крајот на февруари. Тие потврдуваат дека иако не се главниот загадувач во тој регион од земјава, сепак доброволно донеле одлука да ги изгаснат последните две печки.

- „Југохром фероалојс“ покажува дека има општествена одговорност, дека сочуствува со граѓаните на Тетово и сака да покаже и докаже дека еколошките проблеми се решаваат не само со добрата волја на едната страна, туку напротив, треба и Општина Тетово да преземе свои мерки во однос на решавањето на загадувањето на воздухот, посочи Васко Скендеровски, директор на фирмата.

## Вест - *„Југохром“ ќе ги исклучи печките поради загадувањето*

### „ЈУГОХРОМ“ ЌЕ ГИ ИСКЛУЧИ ПЕЧКИТЕ ПОРАДИ ЗАГАДУВАЊЕТО

„Југохром Фероалојс“ од Јегуновце на 31 овој месец ќе ги исклучи двете печки што се во функција и нема да работи до крајот на февруари следната година, соопшти денеска управата на „Југохром Фероалојс“ од Јегуновце.



Според најавите, Југохром нема да работи до крајот на февруари следната година, период кога временските услови најмногу влијаат на загадувањето, стои во соопштението.

Од управата на Југохром велат дека одлуката била донесена доброволно и оти имале слух за состојбата со загадувањето на воздухот во Тетово иако тие остануваат на ставот дека нивната фабрика не е единствениот, а уште помалку најголемиот загадувач во регионот.

Управата на Југохром информира дека паралено со прекинот на работата ќе продолжат со сите планирани и веќе договорени активности за целосна примена на сите еколошки стандарди согласно законските прописи односно воведување на системот за отпрашување во планираниот рок.

## Нетпрес - *Пешевски: „Југохром“ покажа дека има општествена одговорност*

Заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања Владимир Пешевски, ја поздрави доброволната одлука на менаџментот на комбинатот „Југохром“, привремено да го запре производството и да даде свој допринос за подобрување на квалитетот на ...

## Пулс24 - *Пешевски: Добро е што „Југохром“ самостојно донесе одлука привремено да го запре производството*

Заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања Владимир Пешевски, ја поздрави доброволната одлука на менаџментот на комбинатот „Југохром“, привремено да го запре производството и да даде свој допринос за подобрување на квалитетот на ...

## Нетпрес - *„Југохром“ не е затворен од страна на Владата, тоа е нивна доброволна одлука*

„Југохром“ не е затворен од страна на Владата, а тоа го потврдува и менаџментот на комбинатот од Јегуновце. Нивна доброволна одлука е од Нова година до крајот на февруари да згаснат две печки.

## Press24 - *Пешевски: Добро е што „Југохром“ самостојно донесе одлука привремено да го запре производството*

Заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања Владимир Пешевски, ја поздрави доброволната одлука на менаџментот на комбинатот „Југохром“, привремено да го запре производството и да даде свој допринос за подобрување на квалитетот на ...

## Пулс24 - *„Југохром“ не е затворен од Владата, тоа е нивна доброволна одлука*

„Југохром“ не е затворен од страна на Владата, а тоа го потврдува и менаџментот на комбинатот од Јегуновце. Нивна доброволна одлука е од Нова година до крајот на февруари да згаснат две печки.

## Курир - *Пешевски: Добро е што „Југохром“ самостојно донесе одлука привремено да го запре производството*

Заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања Владимир Пешевски, ја поздрави доброволната одлука на менаџментот на комбинатот „Југохром“, привремено да го запре производството и да даде свој допринос за подобрување на квалитетот на .

**Tetova Sot - [Çelësi i Nuranit e mbylli "Jugohromin"]**

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Çelësi i Nuranit e mbylli "Jugohromin"



24/12/2015

Mbyllja e fabrikës Jugohrom për një afat të pa përcaktuar u bë nga çelësi i Nuran Izarit gjegjësisht partisë shqiptare në pushtet BDI.

Këtë e kanë konfirmuar edhe nga fabrika Jugohrom duke theksuar se ndalimi i prodhimit do të zgjatë nga 31 dhjetor 2015 deri në fund muajit shkurt të vitit të ardhëshëm kur kushtet atmosferike do ndikojnë në ndotjen e ajrit, njofton TetovaSot.

Ndryshe sot ministri Izari në në bashkëbisedim me ambasadorin e Kosovës ka theksuar se në kontuinitet ka kërkuar nga qeveria për ndalimin e ndotjes nga kjo fabrikë

" Me insistimin tim dhe aq sa më lejon ligji, kapaciteti i punës në Jugohrom u ul në 50% dhe më pas deri më 25%, në ndërkohë inspekcioni ka vëzhguar punën e Jugohromit dhe për çdo tejkalim ka shqiptuar dënime maksimale" ka thënë Izairi. /TetovaSot/

**Almakos - *“Jugohromi”/ AHMETI: Izairi ka bërë një strategji mjaft shkencore***

almakos

# “Jugohromi”/ AHMETI: Izairi ka bërë një strategji mjaft shkencore

2015/12/24 22:53

Shpërndaje në Facebook | Cicëroje në Twitter



Lideri i BDI-së Ali Ahmeti, madje ka theksuar se lidhur me ndotjen e ajrit në Tetovë nevojitet që gjithë shoqëria të angazhohet në përgjithësi, institucionet të hartojnë programe sesi njerëzit të jenë më të sigurt me atë çka thithin në çdo sekondë dhe ajrin pa të cilin nuk mund të mbijetohet.

“Institucionet, veçmas ministri i Ekologjisë ka bërë një strategji mjaft shkencore sesi të rregullohet kjo çështja sepse ka ekipe të tëra që punojnë jashtë vendit për ministrin dhe fabrika e `Jugohromit’ do pezullojë një kohë punët.

Pra, ka një vendim që deri në tetor të vendosen filtra dhe ka një agjendë pune se ç’duhet bërë fabrika e `Jugohromit’”, ka thënë Ahmeti në emisionin “Rruga drejt…” në Alsat-M,

## 24Струмица - [Градоначалникот Заев го потпиша договорот за спроведување на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни ...]

24СТРУМИЦА
ОД ПОИНАКОВ АГОЛ...

### Градоначалникот Заев го потпиша договорот за спроведување на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во општина Струмица"

Струмица Њуз дек 24, 2015




Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев и директорот на ЈКПД „Комуналец" – Струмица, Зоран Горгиев, денеска во Скопје го потпишаа договорот за спроведување на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во општина Струмица".

Вкупната вредност на договорот за градба на овој инфраструктурен проект изнесува 8,4 милиони евра, а средствата се обезбедени преку Инструментот на ЕУ за претпристапна помош (ИПА) предвиден во рамките на Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 (дел: животна средина) и кофинансиран од Буџетот на Р. Македонија. Пречистителната станица ќе се гради со капацитет за 53.500 еквивалент жители и ќе ги прочистува урбаните отпадни води од подрачјето на

општина Струмица, како и индустриските отпадни води кои се испуштаат во канализациониот систем. Имено во пречистителната станица ќе се прочистуваат урбаните отпадни води од градот Струмица, и населените места Баница, Добрејци, Градско Балдовци, Сачево, Дабиле, Муртино, Просениково, како и отпадните води од индустриската економска зона Сачево. Со изградбата на пречистителната станица значајно ќе се придонесе кон подобрување на квалитетот на водите во реката Тракајна и реката Струмица и ќе се обезбеди заштита на Моноспитовското блато.



## Сител - *[Потпишан договор за пречистителна станица во Струмица]*

Министерството за животна средина и просторно планирање, општина Струмица и јавното комунално претпријатие „Комуналец" од Струмица денеска во Скопје потпишаа договор за изградба на пречистителна станица за отпадни води.

## А1 Оn - *[Заев го потпиша договорот за изградба на пречистителна станица]*

Градоначалникот Заев го потпиша договорот за спроведување на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во општина Струмица". Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, градоначалникот на општина Струмица, ...

## +инфо - *[Заев го потпиша договорот за пречистителна станица во општина Струмица]*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев и директорот на ЈКПД „Комуналец" – Струмица, Зоран Горгиев, денеска, во Скопје, го потпишаа договорот за спроведување на проектот ..

## Build - *[Во јануари почнува изградбата на пречистителна станица за отпадни води во Струмица]*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и струмичкиот градоначалник Зоран Заев потпишаа договор за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Струмица. Вкупната вредност на овој инфраструктурен проект изнесува 8,4

## Денар - *[Ќе се гради пречистителна станица за отпадни води во Струмица]*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев и директорот на ЈКП "Комуналец" – Струмица, Зоран Горгиев потпишаа договорот за спроведување на проектот „Изградба на пречистителна ...

## Макфакс - *[Ќе се гради пречистителна станица за отпадни води во Струмица]*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев и директорот на ЈКП "Комуналец" – Струмица, Зоран Горгиев потпишаа договорот за спроведување на проектот „Изградба на пречистителна ...

## Tetova Sot - Do të ndërtohet stacioni i filtrimit të ujërave të zeza në Strumicë

# Do të ndërtohet stacioni i filtrimit të ujërave të zeza në Strumicë




24/12/2015

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, kryetari i komunës së Strumicës Zoran Zaev dhe drejtori i NPK "Komunalec"- Strumicë, Zoran Gorgiev, sot në Strumicë nënshkruan marrëveshjen për zbatimin e projektit "Ndërtimi i stacionit të filtrimit të ujërave të zeza në komunën e Strumicës".

Vlera e përgjithshme e marrëveshjes për ndërtimin e këtij objekti infrastrukturor është 8,4 milionë euro, ndërsa mjetet janë siguruar përmes Instrumentit të BE-së për ndihmë paraqasëse (IPA) të paraparë në kuadër të Programit operativ për zhvillim rajonal 2007-2013 (pjesa: mjedisi jetësor) dhe është bashkëfinancuar nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë. Stacioni i filtrimit do të ndërtohet me kapacitet për 53.500 banorë ekuivalent dhe do t'i pastrojë ujërat e zeza urbane nga rajoni i komunës së Strumicës si dhe ujërat e zeza industriale që derdhen në sistemin e kanalizimit. Që do të thotë se në stacionin e filtrimit do të pastrohen ujërat e zeza urbane nga qyteti i Strumicës dhe vendbanimet Banicë, Dobrejci, Gradsko, Baldovci, Saçevo, Dabilje, Murtino, Prosenikovo si dhe ujërat e zeza nga Zona e lirë ekonomike Saçevo. Me ndërtimin e stacionit të filtrimit dukshëm do të kontribuohet për përmirësimin e cilësisë së ujërave në lumin Trakajna dhe lumin Strumicë dhe do të sigurohet mbrojtje e lokalitetit "Monospitovsko blato".

Projekti për ndërtim do të fillojë me zbatim në janar të vitit 2016, pas lidhjes së marrëveshjes për ndërtim me ofertuesin e zgjedhur. Ndërtimi i stacionit të filtrimit do të zgjasë 18 muaj, ndërsa do të përfundoj në korrik të vitit 2017, pastaj do të pasojë periudha e grantit prej një viti.

Gjithashtu, për qëllimet e këtij projekti, është publikuar edhe tender për mbikëqyrje të realizimit të punëve ndërtimore për ndërtimin e stacioneve të filtrimit të ujërave të zeza në Radovish, Kërçovë dhe Strumicë, që është në proces të evaluimit në Ministrinë e Financave.

## МИА - [Во Центар најзагаден воздухот]

ПЕТОК, 25 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:45:18

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРЕ

Насловна | Екологија | Во Центар најзагаден воздухот (ПВТ)

### Во Центар најзагаден воздухот (ПВТ)

Препорачај 0

петок, 25 декември 2015 08:41



**Скопје, 25 декември 2015 (МИА)** - Скопската општина Центар е најзагадена. Мерната станица регистрира концентрации на 431 микрограм ПМ10 честички на метар кубен.

Според мерењата загаден е воздухот и во другите скопски општини, Тетово, Битола, Кавадарци, Кичево и Кочани.

Во Тетово се регистрирани 310 микрограми, во Лисиче 273, Карпош 220, Гази Баба 206, кај Ректорат 154, во Кавадарци 133, во Кичево 124, Миладиновци 106, **Кочани 90** и Битола 84 микрограми на метар кубен. **скс/бак/08:25**

## Fox.mk - *Во Центар најзагаден воздухот*

Скопската општина Центар е најзагадена. Мерната станица регистрира концентрации на 431 микрограм ПМ10 честички на метар кубен. Според мерењата загаден е воздухот и во другите скопски општини, Тетово, Битола, Кавадарци, Кичево и Кочани.

## Либертас - *Голема загаденост на воздухот – во Тетово и Центар утрово најалармантно*

Утрово воздухот во скопската општина Центар е најзагаден, според резултатите од мерната станица која регистрирала концентрации на 431 микрограм ПМ10 честички на метар кубен. По Центар, следуваат Тетово со 310 микрограми, населбите Лисиче 273, Карпош ...

## МКД - *Претпладнево најзагадено во Тетово и во скопската општина Центар*

431 микрограми на кубен метар воздух има од ПМ10 честичките во воздухот во скопската општина Центар или осум пати повеќе од максимално дозволените концентрации (50микрограми на кубен метар).

## Нова ТВ - *Голема загаденост на воздухот – во Центар утрово најалармантно*

Утрово воздухот во скопската општина Центар е најзагаден, според резултатите од мерната станица која регистрирала концентрации на 431 микрограм ПМ10 честички на метар кубен. По Центар, следуваат Тетово со 310 микрограми, населбите Лисиче 273, Карпош .

## MIA - Në Qendër ajri më i ndotur

E PREMTE, 25 DHJETOR 2015, 11:21:56

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

BALLINA | MAQEDONI | BOTË | EKONOMI | KULTURË | SPORT | INFO SERVISE | MU

Ballina | Ekologji | Në Qendër ajri më i ndotur

### Në Qendër ajri më i ndotur

Recommend 0

E premte, 25 Dhjetor 2015 2015-12-25 8:56:06.PD 8:56



**Shkup, 25 dhjetor 2015 (MIA)** - Komuna e Shkupit, Qendër është më e ndotura. Stacioni i matjes ka regjistruar përqendrime të 431 mikrogramë të grimcave PM10 për metër kub.

Sipas matjeve ajri është i ndotur edhe në komunat tjera të Shkupit, në Tetovë, Manastir, Kavadar, Kërçovë dhe Koçan.

Në Tetovë janë regjistruar 310 mikrogramë, në Lisiçe 273, Karposh 220, Gazi Babë 206, tek Rektorati 154, në Kavadar 133, në Kërçovë 124, Milladinovci 106, Koçan 90, Manastir 84 mikrogramë për metër kub. **mb/mp/08:45**